ZAJEDNICA UDRUGA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА ДРУШТВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ
ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
MACEDONIAN COMMUNITY IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎+385 1 48 72 655, ☎/FAX +385 1 48 72 655
Žiro račun 30102 - 678 - 82341, Internet : http://pubwww.srce.hr/makedonci-rh

Наш број: ЗМ 114 - 11 /2000 Загреб, 20.11.2000.г.

УПРАВЕН ОДБОР
ЧЕТВРТА СЕДНИЦА

# З А П И С Н И К

На ден 25.11.2000. година (сабота) со почеток во 11.00 часот во просториите на Заедница на Македонците во Република Хрватаска, Масарикова 16, се одржа четвртата седница на Управниот одбор на Заедницата. За работа на седницата едногласно беше прифатен следниов :

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација по извршување на заклучоците од третата седница и својување на записникот.
2. Извршување на планот за 2000. година и активности на Заедницата до крајот на годината,
3. Предлог - план за работа на Заедницата во 2001. година.
4. Разно.

На седницата присуствуваа: Илија Христодулов, Благоја Јовановски, Иван Качуров, Славица Сагадин, Богоја Ликовски и скретарот на Заедницата Никола Илиевски
одсутен: Јован Карпузовски
Гости: Доне Богдановски од Сплит.
Со седницата преседаваше председателот Илија Христодулов.

Ад 1. Секретарот на Заедницата извести дека се се задачите од записникот од предходната седница на УО претежно извршени. Непотполноста на извршувањето беше видлива кај извештаите за финансирање на активностите во првите 6 месецисе од 2000. година кој што се разликуваа по обимот и квалитетот, а од МКД " Кочо Рацин " беше испратен само извештајот за Статистика. Управниот одбор након проведената расправа се донесе заклиучок:

Се задолжуваат друштвата да, до крајот на Јануари 2001 година., направат и испратат, годишен извештај за работата според критериумите од Уредот за малцинства и тоа:

I ИНФОРМИРАЊЕ - ИЗДАВАШТВО
II КУЛТУРЕН АМАТЕРИЗАМ
III КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ
IV РЕЖИСКИ ТРОШОЦИ
V ВКУПНО

Ад. 2 МКД " Крсте Мисирков " го изврши планот за 2000 година преостануваат уште три активности: Изложбата на национални инструменти (25.11.2000.г.) што е во тек , Одбележување на Рациновиот ден во Самобор и одржување на самоцтален концерт на друштвото посветен на Кочо Рацин (12.12.2000. г).

Прифатена е одлуката: Гостите од другите друштва на Рацинов ден патуваат на трошок на сопствените друштва.

МКД " Браќа Миладиновци " го исполни планот и до крајот на годината ќе се одржат следните манифестации: 25.11.2000. г. концерт на сериозна музика, 21.11. заеднички концет со КУД *А. Македонски* од Скопје, 06.12.2000. г. самостален концерт на друштвото, те печатење на Македонски глас до крајот на декември.

УО едногласно донесе одлука да се помогне на друштвото МКД " Браќа Миладиновци " со пренамена на 2000. куни наменети за Македонски глас

МКД " Македонија " Организирана изложба и поклонета е една слика на Бискупот.

МКД " Кочо Рацин " Планира годишно Собрание на друштвото, учество на Рациновиот ден во Самобор.

Ад. 3 Планираните активности од страна на друштвата во 2001. година доставени до Заедницата, испратени се како прилог на годишниот план што Заедницата го доставува во Уредот за Малцинства.

Во предложениот план на Заедницата внесени се:

- Македонски Глас 4 броеви
- Речник македонско-хрватски и хрватско-македонски
- Песни од Константин Миладинов на македонски и хрватски јазик.
- Меѓународен симпозиум хрватко-македонски литературни односи со нагласок на Браќата Миладиновци.

Планираните активности што ладата на Република Хрватска-Уредот за малцинства ќе одлучи да суфинансира да се достават до сите друштва.

За работа во иднина дадени се повеќе иницијативи:

- Да се отпатува во Македонија (финансирање со спонзорства) и да се воспостават контакти со надлежните институции и да се иницираат програми за соработка

- Изложба на литературното творештво во Македонија од 1945. г. до денес и меѓусебна посета на друштвата на писателите на двете држави,

- Соработка на Институтот за јазик на Македонија со трите институти за Јазик во Р. Хрватска

- Промоција на македонскиот современ филм.

- Иницирање на предлози за доделба на разни признанија на македонисти и други државјани на Р. Хрватска : Академик Славко Михалич, Проф. Др. Борислав Павловски, Др. Августина Хајдиќ Гулевска, Др. Златко Крамариќ, Др. Никола Грoздановски и постхумно Др. Тома Прошев и Др. Петар Кепески. Предлогот е прифатен. За приоритетот и редоследот да се контактираат повеќе институции и ќе се достават накнадно.

BJ/BJ

Подпредседател на Заедницата

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ / ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА / ZAGREB / ЗАГРЕБ

Иван Качуров, професор